**НОВИ ДИЈАЛОЗИ** / ВОНРЕДНИ СЕСИИ
Вонредна сесија 01, Формат: конкурс
модератор: Владо Данаилов

На 21 ноември 2017-та година на скверот во јужното крило на Архитектонскиот факултет во Скопје се одржа втората Вонредна сесија на тема формат: конкурс.

Соговорници беа архитекти од различни генерации: Трајко Димитров, Мартин Пановски и Никола Стрезовски, а се разговараше за неопходноста од спроведување на архитектонски конкурси, како и за начинот на кој истите се распишуваат, работат, оценуваат. Во текот на разговорот се споделуваа личните искуства на соговорниците - како учесници на конкурси и како членови на жири комисии, а беше образложена и позицијата и улогата на Асоцијацијата на архитекти на Македонија во борбата за конституирање на институцијата конкурс. Преку неколку примери за нереализирани проектни трудови за места во главниот град се направи обид за раскажување на приказната никогаш неизградено Скопје. За време на разговорот, како визуелна поддршка, во позадината на платно беа проектирани селектирани конкурсни трудови работени во периодот помеѓу 60-те и 2000-те години. Кон крајот на разговорот и дел од публиката се вклучи во разговорот со неколку прашања и коментари.